Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 05/02), Градоначалникот на Град Скопје донесе

**ПРАВИЛНИК**
за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за спроведување програми, проекти, програмски активности и манифестации на младите од интерес за Град Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства утврдени во Буџетот на Град Скопје, наменети за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации на младите од интерес за Град Скопје, за дејствување во различни области од младинското живеење во градот Скопје, утврдени со Програмата за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје.

**Член 2**

Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Град Скопје.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 3**

Согласно овој Правилник финансиските средства од Буџетот на Град Скопје можат да бидат доделени на здруженија на граѓани, невладини организации, фондации и други правни лица (во понатамошниот текст: правни лица), регистрирани во Централен регистар со седиште во градот Скопје и физички лица - талентирани млади поединци жители на градот Скопје на возраст од 15 до 29 години, кои ги исполнуваат критериумите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.

## III. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 4**

4.1.Постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации на младите од интерес за Град Скопје утврдени со Програмата за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје ќе се спроведе со Јавен повик објавен од Град Скопје.
4.2.Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk), во печатени медиуми (и тоа во најмалку еден дневен весник на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот) и во електронски медиуми.
4.3. Времетраењето на јавниот повик ќе биде определено во Јавниот повик кое не може да биде пократко од 5 денови, од денот на неговото објавување.

## IV. НАЧИН, КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 5**

5.1.За утврдување на исполнувањето на критериумите за доделување на финансиски средства од член 2 од овој Правилник, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на постапка за доделување на финансиски средства за програми, проекти, програмски активности и манифестации на младите од интерес за Град Скопје, во состав од претседател и 4 члена (во понатамошниот текст: Комисија).

5.2.Комисијата од ставот 1 има задача:
- да ја спроведе постапката;
- да го утврди исполнувањето на критериумите и
- да достави предлог до Градоначалник за усвојување на пријавите на оние апликанти кои ги исполнуваат условите.

**Член 6**

Апликантите (правните субјекти и физичките лица - талентирани млади поединци) кои учествуваат на Јавниот повик, за исполнување на критериумите се должни да ја доставаат следнава документација:

**6.1.Правните субјекти** - здруженија на граѓани, невладини организации, фондации и други правни лица да достават:

а)Пополнета пријава/апликација (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);

б)Копија од Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија;

в)Копија од Тековна состојба за регистрирана дејност не постара од шест месеци, издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;

г) Потврда за отворена и активна жиро сметка со банката;

д)Референтна листа за претходно организирани и реализирани програми, проекти, програмски активности и манифестации во последните три години.

**6.2.Физичките лица** - талентирани млади поединци да достават:

а)Пополнета пријава/апликација (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);

б)Кратка биографија и CV на апликантот;

в)Доказ за жителство во градот Скопје;

г)Копија од предната страна на трансакциска сметка (исклучиво лична на апликантот, не ополномоштена од трето лице, а доколку барателот е малолетно лице трансакциската сметка треба да е исклучиво лична на барателот ополномоштена од родител/старател).

**Член 7**

7.1.Пријавата со потребната документација се доставува во еден оригинален примерок, пополнета електронски, потпишана и заверена/печатирана од одговорното лице на апликантот.

7.2.Архивата на Град Скопје примените пријави ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута).

7.3.Потребната документација, апликантите ја поднесуваат до Комисијата преку Архивата на Град Скопје во затворен плик со назнака: До Сектор за јавни дејности – Комисија за спроведување на постапка за доделување на финансиски средства за програми, проекти, програмски активности и манифестации на младите од интерес за Град Скопје.

7.4.По завршување на Јавниот повик, Комисијата ги разгледува пристигнатите апликации во однос на тоа дали ја содржат потребната документација, ги бодува и изготвува записник за прифатени и неприфатени апликации.

7.5.Рачно пополнетите пријави воопшто нема да бидат разгледувани.

7.6.Ненавремено доставените пријави, Комисијата нема да ги разгледува.

**Член 8**

8.1.По завршување на Јавниот повик, претседателот на Комисијата свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите пријави во однос на тоа дали ја содржат потребната документација.

8.2.За текот на одржаниот состанок се води Записник.
8.3.Во Записникот, Комисијата констатира дали пријавите се навремени и комплетни, и ги исполнуваат критериумите согласно член 10 од овој Правилник.
8.4.За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат критериумите согласно член 10 од овој Правилник, Комисијата доставува предлог до Градоначалникот на Град Скопје за доделување на финансиски средства на апликантите.
8.5.Пријавите кои се некомплетни, ненавремени и не ги исполнуваат критериумите согласно член 10 од овој Правилник, Комисијата ги отфрла со Заклучок.
8.6.Предлогот за доделување на финансиски средства го потпишува претседателот на Комисијата и го доставува до Градоначалникот на Град Скопје.
8.7.Градоначалникот на Град Скопје на предлог на Комисијата донесува Решение за доделување на финансиски средства.
8.8.Комисијата ги известува апликантите чии пријави се прифатени.
8.9.Комисијата ги известува и апликантите чии пријави се отфрлени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат критериумите утврдени согласно член 10 од овој Правилник.
8.10.Комисијата ги известува апликантите доколку се поништи Јавниот повик и не се донесе Решение за доделување на финансиски средства.

## V. ОБЛАСТИ ЗА УЧЕСТВО НА АПЛИКАНТИТЕ

### Член 9

Градот Скопје ќе додели финансиски средства за младински програми, проекти, програмски активности и манифестации, во следниве области:
9.1.Поттикнување на младите активно да учествуваат во општеството низ афирмација и поддршка на младинските активности, младинската работа и неформално образование на подрачјето на градот Скопје;
9.2.Поттикнување на сојузи, здруженија и други облици на здружување да учествуваат во креирање и спроведување на младинската политика во Скопје, вклучително во зајакнување на капацитетот на младинските здруженија и организации на подрачјето на градот Скопје;
9.3.Обезбедување услови за активно и квалитетно искористување на слободното време на младите;
9.4.Поттикнување на младите во креирање идеи од областа на информатичката технологија;
9.5.Поттикнување на волонтерски активности кај младите и организациско искуство на саеми на претприемништво, организирање на „ИТ МИТАП (IT MEETUP) ХАКАТОНИ“ - настани за развивање иновации (конкретни алатки, методи, активности, пристапи и модели за работа со млади) за активно вклучување и учество на младите и поддршка на нивниот личен и социјален развој, како и организирање на семинари и едукации за млади;
9.6.Поттикнување активности од областа на културата и уметноста на младите на подрачјето на градот Скопје;
9.7.Поттикнување на младите за учество во спортско-рекреативни активности со акцент на негување здрави животни навики;
9.8.Поддршка на активности и проекти за заштита на животната средина и просторното уредување во Скопје;
9.9.Поддршка за активности на интегрирање и активно вклучување на „НЕЕТ (NEET) групата на млади“, со цел намалување на младинската невработеност, зајакнување и вмрежување на НЕЕТ групата на млади, преку зголемена соработка на младинскиот сектор со различни институции на национално и локално ниво.

## VI. БОДОВНИ КРИТЕРИУМИ

**Член 10**

Се утврдуваат бодовните критериуми во областа на младите за доделување на финансиски средства за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации, а Комисијата ќе ги прифати пријавите кои согласно критериумите и бодовните листи утврдени со овој Правилник ќе освојат најмалку 60 бодови.

**Бодовни критериуми:**

| | Критериум | Бодови |
|---|---|---|
| 1 | Креативност и иновативност во идеите на предложените програми, проекти и програмски активности | 0 – 25 |
| 2 | Придонес на програмата, проектот и програмската активност за остварување на целите од интерес за Град Скопје, за поддршка на младите и младинското дејствување во Скопје | 0 – 20 |
| 3 | Економска оправданост на предложениот буџет и рационализирање на трошоците во однос на целите и активностите, како и реална проценка на предложените трошоци за спроведување на целите кои се постигнуваат со самите програми, проекти и програмски активности | 0 – 15 |
| 4 | Одржливи резултати и ефекти од програмите, проектите и програмските активности, како и очекувани промени кај младите по завршување на истите | 0 – 15 |
| 5 | Капацитет и искуство во водење и реализација на претходни слични програми, проекти и програмски активности | 0 – 15 |
| 6 | Отвореност, достапност и учество на што поголем број на млади во предвидените програми, проекти и програмски активности | 0 – 10 |
| | **Максимален број бодови за освојување по сите критериуми е 100** | |

## VII. ПОНИШТУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 11**

Град Скопје може да го поништи јавниот повик доколку:
- не е пристигната ниту една пријава;
- пријавите кои се пристигнати не ги исполнуваат критериумите утврдени согласно член 10 од овој Правилник и
- не се донесе Решение за доделување на финансиски средства по доставување на предлогот од Комисијата.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Град Скопје преку Секторот за јавни дејности и Секторот за финансиски прашања води евиденција на сите пријави со доделени средства од Буџетот на Град Скопје согласно овој Правилник и сите донесени Решенија од страна на Градоначалникот на Град Скопје.

**Член 13**

Овој Правилник влегува на сила со денот на донесувањето.

**Број 08 - 3796/1**
**__.__.2024 година**
**Скопје** 11. 04. 2024

**Градоначалник на Град Скопје**
**Данела Арсовска**